## Препораки за задачите и одговорностите на Координаторот на процесот на воведување на стандарди и инструменти за управување со квалитет

Согласно добиените барања на голем број на институции во однос на Членот 9 од Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба кој гласи: "Во органите се утврдува работно место кое го координира процесот на воведување на стандардите и инструментите за управување со квалитетот", Министерството за информатичко општество и администрација изготви Препораки за задачите и одговорностите на Координаторот на процесот на воведување на стандарди и инструменти за управување со квалитет.

Координаторот на процесот на воведување на стандарди и инструменти за управување со квалитет е државен службеник, назначен од врвното раководство. Тој ги има следниве задачи и одговорности:

1. да ги координира активностите за исполнување на барањата од стандардите и инструментите за управување со квалитетот согласно Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба;

2. да го известува врвното раководство за воведувањето и примената на стандардите и инструментите за управување со квалитетот;

3. да го промовира управувањето со квалитет во организацијата;

4. да превземе активности со цел воспоставување и воведување на активностите и процесите дефинирани во стандардите и инструментите за управување со квалитетот;

5. координирање и обезбедување на сите потребни влезни документи и податоци за редовното преиспитување на стандардите и инструментите за управување со квалитетот од страна на врвното раководство, како и чување, дистрибуција и следење на заклучоците од состаноците за преиспитување кои се однесуваат на корективни и превентивни мерки и можности за подобрување;

6. промовирање на свесноста за потребите на клиентите меѓу вработените во институцијата и кај заинтересираните страни;

7. посредување со надворешните страни како клиентите и ревизорите за работи врзани со стандардите и инструментите за управување со квалитетот;

8. планирање, организирање и доставување резултати од ревидирањето на стандардите и инструментите за управување со квалитетот.

Наведените задачи и одговорности на Координаторот на процесот на воведување на стандарди и инструменти за управување со квалитет беа дадени како насока за институциите и не се задолжителни, односно институциите можат слободно истите да ги изменат и надополнат согласно нивните потреби и специфики.